Напреден курс

# Практично водење на сметководство и примена на даночно законодавство - II степен

## Учесници

Учесникот треба да поседува работното искуство и знаење во областа на сметководство или финасии (тестирање заради утврдување на степенот на стручни познавања), или посетено обука: Практично водење на сметководство и примена на даночно законодавство I степен.

## Временска рамка

Вкупно траење на обуката: 32 часа, 8 дена, два пати неделно

## Програма на обуката

Евидентирање настани по основ на средства, обврски, приходи, расходи, и капитал, изготвување на ДДВ пријави. Наставниот програма се реализира со практично водење на сметководство и пресметка на даноци на две друштва:

- друштво кое врши претежна дејност: изградба на станбени и нестанбени згради и,
- друштво кое врши сервисирање на опрема и пружање други услуги, со подружница во составот (претежна дејност: останати деловни помошни услуги)

Врз основа на документи на друштвата: изводи, влезни и излезни фактури, договори, ситуации, сметкопотврди, патни налози, фискални извештаи и други учесникот:

- класификација на докумнети;
- изготвува налози за книжење, согласно критериумите за презентирање и мерење на средства, обврски, приходи и расходи според МСС и МСФИ;
- утврдува на приходи/расходите според МСС;
- врши пресметка на обврската по ДДВ;
- усогласување на аналитичката евиденција со главна книга;
- контрола на салдата на средства, обврски, приходи, расходи и капитал.

Обработени теми поврзани со законот за данок на додадена вредност:

- Регистрација и дерегистрација за ДДВ и промена на даночен период;
- Даночен третман на репрезентативните давања;
- Даночен третман на попусти и продажба по пониски цени;
- Даночен аспект на резултатите по пописот;
- Пополнување на поле 14 од ДДВ пријавата;
    - Даночни износи кои се должат според член 32 точка 4 од Законот;
    - Неовластено истакнат ДДВ;
    - Одделно истакнат поголем данок од долгуваниот данок;
    - Примени и дадени аванси;
    - Исправка на одбивката на претходни даноци;
    - ДДВ врз основа на донации,
    - Право на одбивка на претходниот данок содржан во залихите на добрата наменети за натамошна продажба кај даночните обврзници кои прв пат се регистрираат за ДДВ, а кои биле набавени пред нивната регистрација за ДДВ;
- Вложувуња во туѓи основни средства;
- Финансиски и оперативен наем

- Трошоци во гарантен рок,
- Специфичност на оданочување на услугите и даночен третман на туристички и угостителски услуги,
- Стока на доработка, обработка и манипулација (лон доработки), и
- други теми поврзани со ДДВ.

### Очекувани резултати

- да научи практично да ја применува законската регулатива во областа на Данокот на додадена вредност;
- да ја применува професионална регулатива - Правилникот за водење на сметководство (МСС, МСФИ, МСФИ за МСЕ);
- да ги препознава и применува документите, да ја контролира нивната оформеност од аспект на ЗДДВ;
- правилно да ги применува сметките од аналитички сметковен план и да изготвува налози за книжење;
- да ги дефинира и групира средствата, обврските и капиталот;
- да поврзува конкретен проблем;
- да ги анализира и утврдува точноста на сметките пред пресметка на данок на додадена вредност (поднесување на ДДВ пријава);
- да ги анализира сметките при евиденција на продажба, од аспект на приходи оданочиви со различни стапки на ДДВ, приходи ослободени од ДДВ со право на одбивка на предходен данок и приходи ослободени од ДДВ без право на одбивка на предходен данок;
- да ја искаже и пресмета обврската по ДДВ и плаќање при продажба на мало;
- да ја книжи ДДВ пријавата;
- да направи исправка на пресметка на данокот, кога е тоа потребно;
- да го анализира дебитното, кредитното салдо сметките на средства, обврски, приходи, расходи и капитал;
- да стекне способности за логично размислување, решавање на проблеми;
- практично да ги применува стекнатите знаења и способности.

### Програмска подршка, опрема и материјал за обуката

Предавањата се одвиваат во опремена просторија со модерна технологија, практична работа на индивидуален компјутер со користење на софтвер за финансово и материјално сметководство. Се изработуваат тестови, задачи и проекти за утврдување на стекнатите знаења. Наставен материјал во вид на Прирачник за ДДВ.

### Предавач

Кристина Тилиќ, дипломиран економист, овластен ревизор (во продолжение кратка биографија за предавачот).

### Сертификат

Секој учесник кој успешно ќе ја заврши обуката ќе се стекне со Сертификат за посетена обука за практично водење на сметководсто и примена на даночно законодавство – II степен.

### Цена – 18.000 денари

Цената вклучува трошоци за работен материјал, тестови, наставен материјал во вид на Прирачник за Данок на додадена вредност, освежување за време на паузата.

### Податоци за плаќање

Примач: НОВА консалтинг и едукација. Сметка: 3 0000000 2463254
Комерцијална банка. Цел на дознака: ЗА ОБУКА

## Кратка биографија на предавачот – Кристина Тилиќ

### Квалификации

- Дипломиран економист;
- Диплома за стекнато звање Овластен ревизор издадена од Министерство финансии;
- Диплома за професионално образование од областа на сметководството издадена од USAID;
- Диплома за професионално образование од областа на ревизија издадена од USAID.

### Работно искуство

- Предавач на курсеви во областа на сметководство и финансии во Работнички Универзитет "Кочо Рацин" – надворешен соработник -15 години;
- ЈП за Стопанисување со станбен и деловен простор – финансов директор, директор на компјутерски центар, самостоен проектант на бази на податоци;
- Надворешен соработник во областа на информатика, сметководство, финансии, во повеќе реномирани фирми: Вива сокови, Лекарска комора на РМ, Стоматолошка комора на РМ, Работнички Универзитет "Кочо Рацин", Кејбл Тел, Златен Клас, Студио и академија Леонтич, Фигурела, Делта Брокер, Свем инженеринг, СМС треид, Авторско-правно биро, Основен суд Крива Паланка, Колбико Инженеринг, Зинес, Талија, и др.
- Електроелемент – финансов директор;
- Нова консалтинг и едукација – основач и генерален менаџер.

### Дополнително искуство

- Предавач на семинари, работилници на тема финансиски политики и процедури за општините во РМ (УСАИД), сметководство на Фудбалски Сојузи во согласност со МСФИ;
- Повеќе ревизорски ангажмани, активно учество на семинари и симпозиуми во областа на сметководство, финансии и ревизија;
- Претседател на Надзорен Одбор на Институтот на овластени ревизори на РМ;
- Председател на Извршен одбор на Сојуз на сметководители на РМ; Председател на Надзорен одбор на Радо-банк  и др.